**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-141/1**
**Скопје, 25.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПОДАРЕШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Подареш за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Подареш за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Блажо Ѓорѓиев, градоначалник на општина Подареш, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 01.11. до 04.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;
- Бљерта Селмани – Помлад ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 10.1. Неправилна примена на сметководствените начела и политики

10.1.1. Нарушен е принципот на буџетско сметководство и повредени се одредбите од членот 18 од Законот за буџетите, бидејќи преку сметката на буџетот не се спроведени компензации и цесии а се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на Општина Подареш и тоа:

- Компензаци во износ од 286 илјади денари и од кои помеѓу ЈП Плаваја и општината во износ од 130 илјади денари; помеѓу Кјуби и Општината во износ од 10 илјади денари и помеѓу ЕСМ и општината во износ од 146 илјади денари;
- Асигнација во износ од 2.000 илјади денари помеѓу Министератвото за транспорт и врски, Општина Подареш, ЈП Плаваја и Доминг ЈТД Радовиш,и
- Цесии на износ од 3.183 илјади денари и тоа:
- цесија на износ од 1.306 илјади денари помеѓу Општина Подареш, ГТД ДООЕЛ Бетон и Министерство за финансии;
- цесија на износ од 300 илјади денари помеѓу Општина Подареш,Министерство за транспорт и врски и ДООЕЛ Бино Подареш;
- цесија на 227 илјади денари помеѓу Општина Подареш, ДОО Оливер Промет и ДООЕЛ Техника Радовиш,и
- цесија на износ од 1.350 илјади денари помеѓу Општина Подареш, Фонд за регионални и магистрални патишта и Македонија пат.

Причината за ваквиот начин на работење произлегува од инстутициите кои ги даваат средствата и ги пуштаат директно на изведувачот без спроведување на компензциите и цесиите преку сметките на буџетите на единиците на локалната самоуправа. Непочитувањето на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници поточно член 18 од Законот доведува до преценети приходи и расходи и до нереално искажување на позициите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

- Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите во делот на начелото на парично искажување на приходите и расходите.

### 10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.2.1. Спротивно на член 36 од Законот за буџетите, паричните средства од сметката на Органот кои се на располагање на сметката и во благајната на ден 31.12.2004 година не се вратени на сметката на буџетот. Поради тоа извршено е потценување на ставката Трансфери од други нивоа на власт во износ од 24 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи. Непренесувањето на остварениот вишок на приходи од сметката на Органот на сметката на Буџетот придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за буџет и непотрешените средства на сметката на Органот на 31.12. да се вратат во Буџетот, и истите да се планираат со новиот буџетски документ.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.2. е потценување на приходите и потценување на вишокот на приходи над расходи во вкупен износ од 24 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

11. Според наше мислење, освен изнесеното во точка 10.1. , финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Подареш на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Подареш остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, за 2004 година.

13. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Подареш за 1999 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 10.8. и 10.9. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје,19.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС ПОДАРЕШ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 1,617 | 1,072 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 1,009 | 248 |
| Капитални приходи | | 0 | 90 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 7,664 | 2,362 |
| **Вкупно приходи** | | **10,290** | **3,772** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,331 | 1,426 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 841 | 839 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 347 | 225 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,519** | **2,490** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 7,726 | 570 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,726** | **570** |
| **Вкупно расходи** | | **10,245** | **3,060** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **45** | **712** |

**БУЏЕТ НА ЕЛС ПОДАРЕШ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 45 | 712 |
| **Вкупно тековни средства** | | **45** | **712** |
| **Вкупна актива** | | **45** | **712** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 45 | 712 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **45** | **712** |
| **Вкупна пасива** | | **45** | **712** |